USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

| Бр. на индикатор | Поглавје на Акцискиот план на Стратегијата за транспарентност | Прашање | Носител на активност | Рок |
|---|---|---|---|---|
| II | Пристап до информациите | Дали и кога **одговорното лице** во вашата институција има потпишано **решение за пренесување на овласутвањето** за одлучување во постапките за пристап до информации, како што е наведено во мерката број 1 во Акцискиот план?<br><br>Ве молиме Во прилог доставете копија од решението. | СИТЕ | Февруари 2020 |
| ОДГОВОР | Одговорното лице во Министерството за труд и социјална политика има потпишано решение за пренесување на овластувањето за одлучување во постапките за пристап до информации. | | | |
| XI | Активна транспарентност | (1) Дали Владата на РСМ има доставено **листа со минимален број на информации и документи со обврска да бидат објавени на веб страницата на секој орган меѓу ноември 2019 – ноември 2020**? | Генерален Секретаријат на ВРСМ<br><br>СИТЕ | Јануари 2020 |
| ОДГОВОР | Да, тоа е листата на 21 документ, после ажурирањето тоа се 22 документи. На веб страната на МТСП постои банер, кој овозможува само со еден клик да се стигне до тие информации и документи. | | | |
| XII | Активна транспарентност | (2) Доколку одговоривте позитивно на претходното прашање, дали имате **дефиниран систем** за колку често треба да се **ажурираат документите**? | Генерален Секретаријат на ВРСМ<br><br>СИТЕ | Јануари 2020 |
| ОДГОВОР | Документите се ажурираат навремено, веднаш штом се појави потреба за истото, како што впрочем и напоменавме во претходното прашање. | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| XII | Активна транспарентност | Доколку одговоривте позитивно на прашањето со реден број на индикаторот XI наведете ги **документите** од горенаведениот список што вашата институција ги објавува и колку често ги ажурирате објавените документи? | СИТЕ | Јануари 2020 |
| ОДГОВОР | Тоа е Стратешки план на министерствата и другите органи на државната управа; Буџет; Усвоени извештаи за реализација на Буџетот; Документи од Внатрешна ревизија; План за јавни набавки, со сите измени и дополнувања; Правилник за внатрешна организација;<br>Органограм за внатрешна организација; Правилник за систематизација на работните места; Список на лица вработени во институцијата со позиција, службен е-маил и службен телефон; Консолидирани текстови од закони и подзаконски акти во надлежност на секое министерство; Обрасци што ги користат граѓаните при доставување на поднесоци до министерствата за остварување на нивните права, а особено обрасци на барања од граѓаните за издавање на реални акти, за оние министерства коишто ги издаваат; Тарифници за надоместоци за издавање на реални акти; Листа на информации од јавен карактер; Контакт од лице задолжено за информации од јавен карактер; Правилник за заштитено внатрешно пријавување; Контакт од лице овластено за заштитено внатрешно пријавување; Име и презиме на офицерот за заштита на лични податоци, позиција во институцијата, службен е-маил и службен телефон; Контакт телефон и е-маил од министерството за генерални прашања; Листа на активни регистри што ги водат министерствата, во зависност од надлежноста; Биографии од Министерот, Заменик министерот и Државниот секретар Посебни советници и кабинетски службеници во кабинет на Министер; Најава на месечни настани или онлајн календар; Други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата; | | | |
| XIV | Активна транспарентност | Дали податоците за **јавните набавки прикачени на веб-страниците** навашата веб страница се поврзани со оние на Електронскиот систем за јавни набавки? | СИТЕ | Септември 2020 |
| ОДГОВОР | Поврзани се и тоа е наша обврска. Тука спаѓаат документите за јавни набавки, анекси, прекини на јавни набавки итн. | | | |
| XXVIII | Активна транспарентност | Дали вашата институција објавува **рубрика со "често поставувани прашања"** на својата веб страница?<br>Повратните информации од | СИТЕ | Јуни 2020 |
| ОДГОВОР | На нашата веб страница постојат банери кои се однесуваат на најчестите прашања, а тоа се информациите и мерките при ковид криза, контакти со центрите за социјална работа, како да се стане практикант, како да се стане згрижувач, како до работна дозвола за странец итн. | | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за управување со човечки ресурси-

Архивски број: 04-852/1
Датум: 27-01-2021

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ„ бр.58/2000, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на РСМ„ бр.96/19, 110/19 и 154/19), а во врска со член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РСМ" бр.101/19), министерот за труд и социјална политика донесе

## РЕШЕНИЕ
### за овластување

1. Административниот службеник Африм Селими, вработен на работно место Советник - Аналитичар на печатени и електронски медиуми, одделение за односи со јавност, сектор за координација и техничка помош на министерот, се определува за службено лице кое посредува во остварувањето на правото на слободен пристап до информации.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

МИНИСТЕР
Јагода Шахпаска

Доставено до:
- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива

Изработил: Андријана Гуговска
Согласен: Татјана Настеска
Одобрил: Resmi Ejupi


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk